Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**февруари 2024 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

# СОДРЖИНА

Р Е З И М Е ........ 2
1. РЕАЛЕН СЕКТОР ........ 3
Индустриско производство ........ 3
Број на работници во индустријата ........ 4
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5
Број на извршени градежни работи по видови објекти ........ 6
Промет во секторот трговија ........ 6
Инфлација ........ 7
Берзански цени ........ 9
2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА ........ 10
Извоз ........ 10
Увоз ........ 12
Салдо на трговска размена ........ 13
Валутна структура ........ 13
3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР ........ 14
Буџетски приходи според економската класификација ........ 14
Буџетски расходи според економската класификација ........ 15
Расходи по буџетски корисници ........ 16
Буџетско салдо ........ 18
4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР ........ 18
Новвработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ........ 18
Плати ........ 19
Пензии ........ 20
5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР ........ 21
Примарни пари ........ 21
Кредити на банките ........ 21
Каматни стапки на депозитни банки ........ 23
Пазар на капитал ........ 23
Девизни резерви ........ 24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## февруари 2024 година

- Во февруари 2024 година, индустриското производство забележа раст од 0,3% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во февруари изнесува 3,0% и таа е намалена за 0,2 п.п. во споредба со претходниот месец (3,2% во јануари 2024 година), што претставува забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец, а на месечно ниво забележа зголемување за 0,4%;
- Во периодот јануари - февруари 2024 година извозот забележа пад од 9,9%, а увозот од 1,1%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 26,5% споредено со истиот период од 2023 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во февруари 2024 година изнесуваа 44.641 милион денари, односно 4,6% од БДП, што претставува повисоко остварување за 17,4% во однос на февруари 2023 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во февруари 2024 година изнесуваа 55.807 милиони денари, односно 5,7% од БДП, што е за 27,8% повеќе во однос на февруари претходната година;
- Во февруари 2024 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 6,5% во спореба со февруари 2023 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 9,3%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во февруари 2024 година, индустриското производство забележа раст од 0,3% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство од 5,6% во секторот Рударство и вадење камен и 0,8% во Преработувачка индустрија, додека пад бележи секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 14,5%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во февруари 2024 година бележат 15 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 61,2% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, раст во февруари 2024 година е забележан кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки од 3,8% со придонес од 0,5 п.п., производството на машини и уреди од 7,6% со придонес од 0,5 п.п., и производството на електрична опрема од 16,4% со придонес од 0,9 п.п., а пад е забележан во гранката производството на метали, и тоа од 0,3%, со придонес од 0,0 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од традиционалните гранки, зголемување на производството во февруари 2024 година се забележува кај: производството на текстил за 11,7% и придонес од 0,6 п.п. и прехранбената индустрија за 5,2%, со придонес од 0,5 п.п., додека намалување се забележува кај: производството на пијалаци за 5,8% и придонес од -0,2 п.п., производството на тутунски производи за 78,6% со придонес од -1,0 п.п., производството на облека за 20,6% со придонес од -1,3 п.п., производството на кожа за 58,5% со придонес од -0,4 п.п. и преработката на дрво и производи од дрво и плута за 41,1% и придонес од -0,3 п.п..

Зголемувањето на индустриското производство според намената на произведените единици во февруари 2024 година е резултат на зголеменото производство во следните групи: Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 5,9% со придонес од 1,8 п.п.), Капитални производи (раст од 4,8% со придонес од 1,1 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 3,4% со придонес од 0,1 п.п.), додека намалување на производство се забележува во групите: Енергија (пад од 15,4% со придонес од -2,0 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 5,9% со придонес од -1,8 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари - февруари 2024 година индустријата забележа раст од 1,5%, што се должи на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија од 4,0% (придонес од 3,2 п.п.), додека намалување на производство бележат секторите Рударство и вадење камен од 4,5% (придонес од -0,4 п.п.) и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 18,1% (придонес од -2,2 п.п.).



**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, февруари 2024 година)*



**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, февруари 2024 година)*

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - февруари 2024 година е регистриран во следните групи: Интермедијарни производи, освен енергија (3,0%) и Капитални производи (12,9%), додека пад се забележува кај гранките: Енергија (за 17,9%), Трајни производи за широка потрошувачка (за 4,5%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 3,4%).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во февруари 2024 година е зголемен за 1,5% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен од 5,8%, Преработувачка индустрија од 1,2% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,7%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: поправка и инсталирање на машини и опрема од 52,6%, производство на пијалаци од 16,5% и производство на моторни возила, приколки и полуприколки од 16,4%.



**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во февруари 2024 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст се забележува во групите: Енергија од 4,4%, Капитални производи од 14,7% и Трајни производи за широка потрошувачка од 6,0%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - февруари 2024 година бележи раст од 2,0%, што се должи на зголемениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен од 5,9%, Преработувачка индустрија од 1,8% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,7%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - февруари 2024 година е зголемен во следните сектори: Енергија за 4,4%, Капитални производи за 16,1% и Трајни производи за широка потрошувачка за 3,8%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во февруари 2024 година издадени се вкупно 387 одобренија за градење, што претставува значителен раст од 9,9% во однос на истиот месец од 2023 година, како резултат на годишниот раст на издадените одобренија за објектите за реконструкција за 115,6%, (тие учествуваат со 25,1% во вкупниот број издадени одобренија за градење), додека кај објектите за високоградба, се бележи намалување за 14,1%. Споредено со јануари 2024 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 51,2%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во февруари 2024 година во однос на истиот месец од 2023 година, е пониска за 10,9%, а во однос на претходниот месец таа бележи пад од 95,8%.

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *( февруари 2024)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 171 (или 44,2%) се наменети за објекти од високоградба, 119 (или 30,7%) за објекти од нискоградба и 97 (или 25,1%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 387 издадени одобренија за градба, на 216 објекти (или 55,8%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 171 објект (или 44,2%) се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во февруари 2024 година предвидена е изградба на 951 стан со вкупна корисна површина од 78.892м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 54,6% на месечно ниво, а намален за 26,5% на годишно ниво.

Графикон 1.7: Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*



## Број на извршени градежни работи по видови објекти[1]

Вкупната вредност на извршените градежни работи во декември 2023 година изнесува 5.082 милиона денари, што претставува номинален годишен раст од 20,5%, при што кај нискоградбата се забележува раст од 25,2%, а кај високоградбата од 14,8%. Споредено со ноември 2023 година, вкупната вредноста на извршените градежните работи бележи раст од 43,4%, и тоа кај нискоградбата за 12,7%, а кај високоградбата за 122,6%.

Кумулативно, во периодот јануари – декември 2023 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 33.137 милиони денари, што е за 6,2% повеќе во споредба со истиот месец минатата година.

**Графикон 1.8:** Извршени градежни работи (милиони денари)




Во рамки на извршените градежни работи поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која извршените градежни работи во текот на дванаесетте месеци од годината изнесуваа 19.575 милиони денари, односно 14,6% повеќе во однос на истиот период минатата година. Вредноста на извршените работи кај високоградбата во овој период е намалена за 3,9% и изнесуваше 13.563 милиони денари.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - декември 2023 година е намалена за 2,1%, при пад кај високоградбата (11,3%) и раст кај нискоградбата (5,4%).

## Промет во секторот трговија

Во февруари 2024, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот од 7,7%, по падот од 5,1%, во јануари. Вредноста на прометот во февруари 2024 година изнесува 60.803 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - февруари 2024 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 119.874 милиони денари, што е за 1,0% повеќе во однос на истиот месец минатата година.

**Графикон 1.9:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)




Кумулативно, во перидот јануари - февруари 2024 позитивен раст на прометот се забележува само кај секторот трговија на мало, чија вредност изнесува 48.281 милион

[1]Податоците за јануари 2024 година за бројот на извршени градежни работи по видиви објекти, во базата на податоци МакСтат сè уште не се ажурирани.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

денари или за 2,9% повеќе во однос на истиот месец минатата година, додека пад се забележува кај трговијата на големо, чија вредност изнесува 64.565 милиони денари или за 0,3 % помалку во споредба со иститот месец минатата година, како и кај трговија со моторни возила и поправки каде што вредноста на прометот за тој период изнесува 7.028 милиони денари или за 0,2% помалку во однос на истиот месец претходната година.

На реална основа, трговијата на мало во февруари 2024 бележи годишен раст од 4,8%, додека анализирано по групи и класи зголемување се забележува во групите трговија на мало со непрехранбени продукти за 11,3% и трговија на мало со автомобилски горива за 5,4%, додека намалување се забележува само во групата трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 1,6%.

Во февруари 2024 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (54,82%), потоа Трговија на мало (38,94%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (6,24%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во февруари 2024 година изнесува 3,0% и споредено со претходниот месец (3,2% во јануари 2024 година) таа забави за 0,2 п.п.. Во февруари инфлацијата главно произлегува од базичната компонента со значително намален притисок од прехранбената и енергетската компонента.

Во февруари, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) изнесува 4,8% на годишна основа (5,2% претходниот месец), што покажува постепено забавување кај неа. Најголем позитивен придонес овој месец имаат зголемените цени во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици[2], а потоа следат цените во категоријата Ресторани и хотели.

Графикон 1.10: Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа раст од 1,5%, односно намалување од 0,4 п.п. во споредба со претходниот месец, при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во февруари изнесува 0,6 п.п. Мерката за намалување на цените за 10% на основни прехранбени производи кои во малопродажбата се продаваат со ознака „гарантирана цена“ е сеуште во сила, но цените на зеленчукот и овошјето и овој месец регистрираа раст. Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа следните поткатегории: зеленчук (20,9%, придонес од 1,0 п.п.), овошје (14,4%, придонес од 0,3 п.п.), риба и морски плодови (4,7%, придонес од 0,1 п.п.) и месо (0,9%, придонес од 0,1 п.п.). Негативен придонес во растот на цените на храната имаа: млеко, сирење и јајца (-0,4 п.п.), масло и леб (-0,2 п.п.).

[2]Цените во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и цените на тутунските производи се зголемија како резултат на зголемувањето на акцизата во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во февруари 2024 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 11,6% (придонес во растот на вкупна инфлација од 0,6 п.п), при што најголем придонес во растот на оваа категорија имаа цените на тутунот. Раст на цените е регистриран и во другите категории, и тоа: Ресторани и хотели од 6,8%, Здравствена заштита од 5,9%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 5,4%, Разновидни стоки и услуги од 4,7%, Рекреација и култура од 4,4%, Облека и обувки од 4,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 2,5% и Комуникации од 1,7%. Намалување се забележува во категориите Образование од 0,6% и Транспорт од 0,5%.




Во февруари, потрошувачките цени се зголемија за 0,4% на месечно ниво (минатиот месец цените се намалија за 0,3%). Цените на храната се зголемија за 0,5% и најголем придонес во зголемувањето имаше растот на цените на зеленчукот (0,1 п.п.).

Овој месец, освен кај Храната и безалкохолните пијалаци, цените се зголемија и во категориите: Транспорт од 1,6%, Разновидни стоки и услуги од 0,8%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата и Здравствена заштита за 0,4% и Домување, вода, електрична енергија и гас и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици за 0,2%. Пад на цените на месечно ниво е регистриран во следните категории: Облека и обувки за 0,3% и Рекреација и култура и Ресторани и хотели од по 0,1%. Цените во другите категории останаа непроменети.

Во февруари 2024 година цените на мало се зголемија за 2,7% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 0,3%. Во првите два месеца од 2024 година цените на мало се зголемија за 2,7% на годишно ниво.




ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација за еврозоната во надолна линија, и тоа за 0,5 п.п. за 2024 година, додека стапката на инфлација за 2025 година останува иста. Согласно проекциите, стапката на инфлација во 2024 година би достигнала 2,7%, во 2025 година 2,1% и во 2026 година 1,9%.

Во 2024 година се очекува постепено намалување на инфлацијата, а на крајот од годината намалување на главните компоненти на инфлацијата со што ќе се постигне таргетот на ЕЦБ од 2,0% во втората половина од 2025 година.

## Берзански цени

Во февеуари, цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи се зголеми за 4,4% на месечно ниво и изнесува 83,8 долари за барел, што ја рефлектира неизвесноста околу ескалацијата на конфликтот на Блискиот Исток. На годишно ниво цената на нафтата е повисока за 1,3%.

Графикон 1.13: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во февруари 2024 година, цената на природниот гас регистрира пад од 26,6% на месечно ниво. Овој пад одразува поширок тренд како резултат на влијанието на климатските и економските фактори, вклучително и на повисоките од просечните температури забележани на северната хемисфера и забележителното намалување на побарувачката. На годишно ниво, цената на природниот гас во февруари 2024 година се намали за 42,6%.

Графикон 1.14: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во 2023 година се забележува стабилизирање и намалување на цените на енергентите на светските и регионалните берзи, по значителниот раст во текот на 2021 и 2022 година. Цената на електричната енергија во февруари 2024 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 69,35 евра за мегават/час и на месечно ниво е намалена за 19,1%, а на годишно ниво за 52,6%.

Табела 1.1. Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |
| XII | 81,72 | 77,9 | 407,1 |
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

Во февруари 2024 година, цените на повеќето основни метали регистрираа намалување на месечно ниво. На месечно ниво се намалија цените на: цинкот за 6,2%, алуминиумот за 0,6%, бакарот за 0,4% и на оловото за 0,3%, а на месечно ниво се зголемија цените на калајот за 4,0% и на никелот за 1,5%. Цената на железната руда регистрира пад од 8,4% на месечна основа.

Графикон 1.15: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во февруари 2024 година, цените на благородните метали се намалија на месечно ниво. Цената на златото, по континуираниот раст четири месеци претходно, овој месец се намали за 0,5%, платината регистрираше пад за 3,4%, а на среброто за 1,1%

Во февруари, цените на пченката и пченицата се намалија на месечна основа за 4,8% и 0,7%, соодветно. Цената на сончогледовото масло се намали за 1,9% на месечна основа.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите два месеца од 2024 година изнесува 2.952,6 милиони евра и бележи пад од 4,9% во однос на истиот период од минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - февруари 2024 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[3]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 2,0 п.п. споредено со истиот период од претходната година и изнесува 63,3%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите два месеца од 2024 година изнесува 23,6% и е намалено за 1,2 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите два месеца од 2024 година изнесува 1.207,9 милиони евра и бележи пад од 9,9% (132,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на извозот е непроменет.

Вредноста на извезените стоки во февруари 2024 година изнесува 657,2 милиона евра и бележи пад од 8,6% (61,6 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 1,1% споредено со февруари 2023 година.

[3] Започнувајќи од февруари 2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2024 година извозот бележи раст од 19,4% (106,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен раст од 2,7%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (16,7 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извозот на храна во првите два месеца од 2024 година е зголемена за 9,3 милиони евра, што претставува раст од 17,0% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на извезената храна е зголемена за 5,4%. Растот на вредноста на извозот на храна е проследен и со зголемување на количината на извозот на храна, што главно се должи на одредено намалување и стабилизирање на цените на храната на меѓународниот пазар. Учеството на храната во структурата на вкупниот извоз на нашата земја во првите два месеца од 2024 година изнесува 5,3% и е зголемено за 1,2 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано според економските групации[4] на земјите, во периодот јануари - февруари 2024 година споредено со истиот период од 2023 година, извозот бележи пад во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион и Заедница на независни држави. Раст има само кај земјите од Западен Балкан, додека извозот во групацијата Северноамериканска зона на слободна трговија останува на исто ниво. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 9,3% на годишно ниво и учествува со 79,8% во вкупниот извоз на Република Северна Македонија, додека извозот кај земјите од Западен Балкан бележи раст од 2,4% и учествува со 12,4% во вкупниот извоз на нашата земја.

[4] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - февруари 2024 година изнесува 1.744,7 милиони евра и бележи пад од 1,1% (19,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 8,6%.

Вредноста на увозот во февруари 2024 година изнесува 944,2 милиона евра, што претставува раст од 3,2% (29,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2023 година, а увезените количини стоки се намалени за 6,4% споредено со февруари 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2024 година увозот бележи раст од 18,0% (143,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 2,4%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (15,6 п.п.) врз увозот овој месец.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот на храна во првите два месеци од 2024 година е зголемена за 25,2 милиона евра, што претставува раст од 17,7% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на увезената храна е зголемена за 24,5%. Растот на вредноста на увозот на храна е проследен и со зголемување на количината на увозот на храна, што главно се должи на одредено намалување и стабилизирање на цените на храната на меѓународниот пазар. Во првите два месеца од 2024 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,6% и е зголемено за 1,5 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2023 | I - II - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 22,8 | 13,6 | -9,1 | -40,2 |
| Мил. ЕУР | 20,6 | 11,6 | -9,0 | -43,9 |
| Мил.$ | 22,1 | 12,5 | -9,6 | -43,4 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2023 | I - II - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 191,0 | 175,2 | -15,8 | -8,3 |
| Мил. ЕУР | 149,4 | 134,0 | -15,4 | -10,3 |
| Мил.$ | 160,7 | 145,4 | -15,2 | -9,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2023 | I - II - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 8,6 | 3,3 | -5,3 | -61,5 |
| Мил. ЕУР | 377,0 | 290,3 | -86,8 | -23,0 |
| Мил.$ | 406,1 | 314,7 | -91,3 | -22,5 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2023 | I - II - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 3,6 | 4,8 | 1,2 | 33,1 |
| Мил. ЕУР | 26,8 | 27,9 | 1,1 | 4,0 |
| Мил.$ | 28,9 | 30,3 | 1,3 | 4,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2023 | I - II - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 115,7 | 124,7 | 9,0 | 7,8 |
| Мил. ЕУР | 99,2 | 98,2 | -1,1 | -1,1 |
| Мил.$ | 106,7 | 106,5 | -0,2 | -0,2 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - II - 2023 | I - II - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 134,2 | 96,2 | -38,0 | -28,3 |
| Мил. ЕУР | 97,6 | 67,6 | -30,0 | -30,8 |
| Мил.$ | 105,4 | 73,3 | -32,1 | -30,4 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - февруари 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 26,5% односно 112,6 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во февруари 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 46,3% односно 90,8 милиони евра споредено со февруари 2023 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка, стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и на намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со горива и мазива.

Во периодот јануари - февруари 2024 година, 81,9% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Полска, Србија, Бугарија, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Чешка, Словачка, Белгија, Унгарија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 92,9% од трговската размена во периодот јануари - февруари 2024 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2023 година претставува зголемување за 0,3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 95,8% и 90,9%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 1,2 п.п., а кај увозот намалена за 0,2 п.п. во однос на периодот јануари – февруари 2023 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - II - 2023 | | | | | I - II - 2024 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 1.002,0 | 1.607.478.297 | 61,6546 | 99.108.431.411 | 91,1 | 910,6 | 1.586.422.177 | 61,6493 | 97.801.816.744 | 90,9 | -21.056.120 | -1,3 |
| УСД | 83,2 | 156.525.799 | 57,3914 | 8.983.234.727 | 8,3 | 80,2 | 152.664.323 | 56,7728 | 8.667.181.089 | 8,1 | -3.861.476 | -2,5 |
| ГБП | 0,2 | 3.077.273 | 69,7439 | 214.621.019 | 0,2 | 0,6 | 5.092.035 | 71,9372 | 366.306.705 | 0,3 | 2.014.762 | 65,5 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.085,4 | | | 108.306.287.156 | 99,3 | 991,3 | | | 106.835.304.538 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 1.087,5 | | | 108.812.567.367 | 100,0 | 994,1 | | | 107.580.932.599 | 100,0 | | -1,1 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Во периодот јануари – февруари 2024 година, вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 44.641 милион денари, односно 4,6% од БДП, што претставува повисоко остварување за 17,4% во однос на истиот период од 2023 година. Во споредба со февруари претходната година, буџетските приходи бележат зголемување за 23,7%, што произлегува од позитивниот придонес на даночните приходи, придонесите и неданочните приходи (придонес од 13,4 п.п., 7,2 п.п. и 3,6 п.п. соодветно). Притоа, во февруари 2024 година, даночните приходи забележаа раст од 25,5% на годишна основа, како резултат на зголемувањето на приходите по основ на сите видови даноци.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – февруари 2024 година, реализацијата на даночните приходи изнесува 24.865 милиони денари и се повисоки за 15,3% во однос на периодот јануари – февруари 2023 година, како резултат на растот на приходите од данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите, увозните давачки и други даночни приходи, односно по основ на сите видови даноци.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 45,4% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 11.287 милиони денари и бележат зголемување од 8,1% во однос на периодот јануари – февруари претходната година. Притоа, годинава ДДВ е наплатен во бруто-износ од 19.230 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 7.943 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 7,9%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 7,6% споредено со 2023 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 7,8%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување за 8,3%. Акцизите се остварени во износ од 4.370 милиони денари (учество од 17,6% во даночните приходи), што претставува зголемување од 12,3% во споредба со периодот јануари – февруари 2023 година. Следствено, приходите од овие два индиректни данока изнесуваат 15.657 милион денари, што претставува 63,0% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – февруари 2024 година.

Приходите од данокот на личен доход изнесуваат 4.743 милиони денари што претставува раст од 32,3% на годишна основа, а притоа 60,9% од приходите се од плата и други лични примања, 7,4% од приходи од капитал, 8,3% од приходи по основ на договор на дело, 8,6% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 14,8% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во периодот јануари – февруари 2024 година изнесуваат 2.361 милион денари што претставува поголемо остварување за 18,7% во однос на истиот период претходната година како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 9,6% и повеќекратно зголемување кај даночните биланси.

Приходите од царина се остварени во износ од 1.895 милиони денари и забележаа зголемување од 22,9%. Приходите од други даноци со остварен износ од 209 милиони денари забележаа зголемување за 75,6% во однос на истиот период минатата година.

Социјалните придонеси изнесуваат 15.543 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 19,7% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 19,6%, кај придонесите за вработување за 19,5% и кај придонесите за здравствено осигурување за 20,0%.

Неданочните приходи изнесуваат 3.560 милиони денари и во однос на периодот јануари – февруари 2023 година забележаа повисоко остварување за 39,2% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствариja во износ од 170 милиони денари, што преставува зголемување од 9,7% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална изнесуваат 310 милиони денари и се за 40,7% пониски во однос на истиот период од 2023 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Во периодот јануари – февруари 2024 година, вкупните расходи на Буџетот изнесуваат 55.807 милиони денари, односно 5,7% од БДП, што е за 27,8% повеќе во однос на истиот период претходната година. Во споредба со февруари претходната година, буџетските расходи бележат зголемување за 25,5%, што се должи на зголемувањето на тековните трошоци за 25,1% и на капиталните трошоци за 29,6%.

Во структурата на реализираните вкупни расходи во периодот јануари – февруари 2024 година, тековните расходи во износ од 50.333 милиона денари учествуваа со 90,2% и се зголемија за 24,5% во однос на периодот јануари – февруари 2023 година.

Реализацијата на платите и надоместоците изнесува 6.771 милион денари, што претставува зголемување за 24,7% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,1%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваат 3.048 милиони денари и споредено со периодот јануари – февруари 2023 година забележаа зголемување од 12,3%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаат трансферите коишто изнесуваат 37.772 милиона денари. Средствата за трансфери бележат раст од 24,1% во однос на периодот јануари – февруари 2023 година, а учествуваат со 67,7% во вкупните расходи.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во рамки на трансферите, раст од 23,2% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваат 27.647 милиони денари, со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 49,5%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, изнесуваат 17.748 милиони денари, што претставува зголемување за 24,7% споредено со периодот јануари – февруари 2023 година. Нивното учество во вкупните расходи изнесува 31,8%. Во категоријата други трансфери е регистрирано зголемување од 27,0%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 5.014 милиони денари, што претставува зголемување за 47,0%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 4.220 милиони денари бележат зголемување од 11,7% во споредба со истиот период претходната година.

**Графикон 3.3:** Буџетски остварувања (во %)




Во анализираниот период, средствата за капитални расходи изнесуваат 5.474 милиони денари со структурно учество од 9,8% во вкупните расходи, така што забележаа повисока реализација за 68,1% во споредба со периодот јануари – февруари 2023 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – февруари 2024 година, Министерството за труд и социјална политика реализира 16.326 милиони денари или 27,8% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (78,9%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови за што се потрошени 12.878 милиони денари или 32,9% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 14,3% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 17,2% (2.336 милиони денари) од планираните за 2024 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(февруари 2024 година)*




Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 6.248 милиони денари, што е 16,7% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (57,2%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 3.572 милиона денари или 16,7% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 17,9%, за што се потрошени 1.119 милиони денари, односно 17,0% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – февруари 2024 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 2.256 милиони денари, што претставува 17,3% од сопствениот буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 70,6%, за што се потрошени 1.594 милиона денари или 17,4% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со

учество од 18,3% и за таа намена се реализирани 413 милиони денари или 18,6% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 1.513 милиони денари што претставува 18,0% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 91,9% во вкупните расходи, реализирани се 20,1% од планираните средства за цела година, односно 1.391 милион денари.

Во периодот јануари – февруари 2024 година, Министерството за одбрана реализира 3.142 милиона денари, што е 15,6% од вкупниот буџет за оваа година. Капитални расходи има најголемо учество во расходите со 44,1%, па реализацијата за таа намена изнесува 1.384 милиони денари (20,9% од вкупно предвидените средства за тековната година). Плати и надоместоци учествуваат со 29,6% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 930 милиони денари, односно 15,9% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 950 милиона денари, односно 18,3% од планираните средства за 2024 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 74,5% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 708 милиони денари (21,9% од предвидените средства).

Во овој период Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 1.327 милиони денари или 17,3% од вкупниот буџет за 2024 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 66,6%, за што се потрошени 884 милиони денари или 25,3% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 244 милиони денари (7,7% од планираното за годината) и учество од 18,4% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски, пак, реализира средства во износ од 460 милиони денари, што е 2,3% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 78,1% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (359 милиони денари или 1,9% од вкупно планираните средства).

Во периодот јануари – февруари 2024 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 147 милиони денари, што претставува 8,5% од предвидените за 2024 година. Плати и надоместоци (101 милион денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 69,0%, а реализацијата изнесува 17,0% од вкупно планираните. По основ на Стоки и услуги отпаѓаат 21,4% од вкупните расходи за што се реализирани 31 милион денари или 10,4% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – февруари 2024 година дефицитот во Буџетот на Република Северна Македонија изнесува 11.166 милиони денари, што претставува 1,1% од БДП, а дефицитот на Централниот буџет 15.386 милиони денари или 1,6% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари – февруари 2024 година изнесува 33,3% од вкупно планираниот буџетски дефицит за оваа година.

**Графикон 3.5.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Новвработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Во првите два месеца од 2024 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 34.515 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2023 година, вкупниот број новвработени лица е зголемен за 9,6%. Бројот на новозасновани работни односи почнувајќи од април 2021 година до средината на 2022 година бележи тренд на позначителен годишен раст, а во периодот потоа е на релативно стабилно ниво. Трендот на раст, меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

Од вкупниот број новвработени, 44,5% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во февруари 2024 година 17,5% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во февруари 2024 година изнесува 153.891, од кои 106.618 лица се активни баратели на работа, а 47.273 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 1,8%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на јануари 2024 година бројот на невработени е зголемен за 1.207 лица. Бројот на невработени лица во цела 2020 година па сѐ до февруари 2021 година генерално беше во пораст, а почнувајќи од март 2021 година наваму бележи тренд на месечно намалување.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (59,3%) е градско население, а според половата структура 48,4% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,4%, е со непотполно средно образование или помалку, 24,1% со завршено средно образование, а 7,5% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 50,7% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 58,0% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 12,4% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јануари 2024 година изнесува 39.542 денари и оствари годишен раст од 16,5%, а во однос на декември 2023 година таа е пониска за 1,1%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на јануари 2023 година се забележува во следните сектори: Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (27,8%), Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (19,2%) и Земјоделство, шумарство и рибарство (19,1%). Во јануари 2024 година, реалните плати забележаа годишен раст од 12,9%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Највисока просечна нето-плата во јануари 2024 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (73.819 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (93.684 денари), по што следуваат Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 54.816 денари, секторот Финансиски дејности и дејности на осигурување со 54.306 денари, секторот Рударство и вадење камен со 50.954 денари и секторот Стручни, научни и технички дејности со просечно исплатена нето-плата во висина од 45.695 денари.

**Графикон 4.5**: Просечна нето-плата по сектори, јануари 2024 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во јануари 2024 година изнесува 59.392 денари и споредено со истиот месец од 2023 година порасна за 16,8%, а на месечна основа таа е пониска за 1,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во јануари 2024 година во однос на јануари 2023 година се забележува во следните сектори: Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (28,4%), Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности на санација на околината (19,7%) и Земјоделство, шумарство и рибарство (19,2%).

## Пензии

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Во февруари 2024 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 337.369 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 70,1% се корисници на старосна пензија, 22,0% на семејна пензија и 7,9% на инвалидска пензија.

Просечната пензија во февруари 2024 година изнесува 20.099 денари односно за 14,2% повисока во однос на истиот месец од 2023 година[5]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите, според

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

новата методологија која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јануари 2024 година (последни расположливи податоци) изнесува 50,9%.

Просечната старосна пензија во февруари 2024 година изнесува 21.684 денари, просечната инвалидска пензија 17.849 денари, а просечната семејна пензија 15.861 денар. За исплата на пензиите овој месец се потрошени 7.094 милиони денари, што претставува 52,3% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во февруари 2024 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 6,30%. Во првата половина од 2023 година продолжи трендот на зголемување на основната каматна стапка со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност во услови на зголемени цени, меѓутоа веќе пет месеци по ред основната каматна стапка е непроменета односно остана на нивото од 6,30%.

Во февруари 2024 година, расположливите депозити преку ноќ и на седум дена изнесуваат 4,20% и 4,25%, соодветно.

## Примарни пари

Во февруари 2024 година, примарните пари[6] се намалија за 8,6% на месечно ниво. Падот на примарните пари се должи на намалувањето на вкупните ликвидни средства за 16,0%, а готовите пари во оптек останаа речиси непроменети (пад од 0,1%).

На годишно ниво, примарните пари регистрираа раст од 4,4%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 10,8%, додека готовите пари во оптек се намалија за 1,4%.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
( февруари 2024 година)




Извор: НБРСМ.

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

## Депозитен потенцијал[7]

Во февруари 2024 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 0,3% месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се намалија за 2,6%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 1,7%.

Графикон 5.2: Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на валутата, во февруари 2024 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и во странска валута се зголемија за 0,3%.

Во февруари 2024 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 9,3% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и во странска валута се зголемија на годишно ниво за 12,7% и 5,2%, соодветно.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 12,3% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 8,6%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (февруари 2024 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***535.805*** | ***0,3%*** | ***9,3%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *303.680* | *0,3%* | *12,7%* |
| *Странска валута* | *232.125* | *0,3%* | *5,2%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *217.893* | *-0.1%* | *0.8%* |
| *Долгорочни* | *122.761* | *2,0%* | *24,0%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***448.012*** | ***0,9%*** | ***6,5%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *260.831* | *1,5%* | *8,3%* |
| *Странска валута* | *187.180* | *0,1%* | *4,2%* |
| Според рочност: | | | |

[7] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Краткорочни* | *68.794* | *3,1%* | *0,5%* |
| *Долгорочни* | *362.529* | *0,5%* | *7,5%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 0,8%, а долгорочните депозити за 24,0%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 56,7%.

## Кредити на банките

Во февруари 2024 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,9% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на домаќинствата и на претпријатијата за 0,6% и 1,4%, соодветно.

Од аспект на валутата, во февруари 2024 година денарските кредити се зголемија за 1,5%, а девизните кредити останаа речеси непроменети (раст од 0,1%) на месечна основа.

На годишна основа, во февруари 2024 година вкупните кредити се зголемија за 6,5%, во услови на раст на кредитите на претпријатија и кредитите кон домаќинствата за 5,9% и 7,2%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 8,3%, а кредитите во странска валута за 4,2%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,5%, а краткорочните кредити од 0,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во февруари 2024 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,52%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,01 п.п. на месечно ниво и изнесува 5,90%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,05 п.п. и изнесува 5,07%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Во февруари 2024 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,04 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,76%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,05 п.п. и изнесува 2,25%, а каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,03 п.п. и изнесува 1,35%

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,80%, а на новоодобрените девизни кредити 4,49%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,69% и 1,87%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во февруари 2024 година се зголеми за 88,9% на месечно ниво, како резултат на растот на прометот од класичното тргување и на прометот од блок трансакциите за 67,5% и 282,3%, соодветно.

Вкупниот промет на берзата во февруари 2024 година изнесува 856,3 милиони денари што претставува зголемување за 286,8% на годишно ниво.

На крајот на февруари 2024 година Македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 6.810,15 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 5,2%, а во однос на истиот месец претходната година за 17,4%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на февруари 2024 година е 4.348,06 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е зголемен за 0,2%, а во однос на февруари 2023 година за 11,5%.